СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08- 2220/31
05.04.2023 година
Кавадарци

З А П И С Н И К

За работата на 25-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес 05.04.2023 година.

ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја свикувам денешната седница на Советот на Општина Кавадарци и на седницата присуствуваат 16 советника. Отсутни се тројца советници. Двајца советници се јавија дека ќе се приклучат за кратко. Тоа е советникот Ружица и советникот Ристе, а еден советник Диме ќе биде преку онлајн присутен на оваа седница.

Значи констатирам дека има кворум за работа и дека Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.

Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записникод 24-тата седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден15.03.2023 година;

Дали има забелешки по Записникот на24-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Ве молам кој е за усвојување на Записникот од 24-та Седница на Советот на Општина Кавадарци. Едногласно усвоен. Диме. Во ред.

Констатирам дека е усвоен Записникот од 24-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Со Решениетоза свикување на денешната седница наСоветотна Општина Кавадарци имате добиено Предлог Дневен Ред за денеска и тоа:

1. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година;
2. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ТППЕ во Општина Кавадарци за 2023 година;
3. Предлог-Одлука за распределба на средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година;
4. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлука за формирање на зони за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот и за утврдување вредност на градежно неизградено земјиште и градежно

изградено земјиште за град Кавадарци и за селата во Општина Кавадарци за 2023 година;

5. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонијана подрачјето на Општина Кавадарци за 2023 година;
6. Предлог-Одлука за сопствено учество во проектот"Набавка на опрема за Ултравиолетова дезинфекција на вода,,
7. Предлог-Одлука за утврдување на фиксни оперативни трошоци за управување со „ Регионалниот центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство во Вардарски плански регион " во последниот квартал за 2023 година;
8. Предлог-Одлука за за изменување и дополнување на Одлуката за отстапување на користење на простор во сопственост на Општина Кавадарци за формирање на Младински центар Кавадарци;
9. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на изгледот на фасади на објекти во централнто градско подрачје;
10. Предлог-Одлука утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат;
11. Предлог-Одлука за одобрување на поединечна субвенција на Палитов Тасе за купување и инсталирање на електрична фотонапонска електроцентралаза 2023 година;
12. Предлог-Одлука за примање донација – услуга извршување на градежни работи од Друштво за производство, трговија и услуги "ЈА-МИ" експорт-импорт ДООЕЛ Кавадарци;
13. Предлог-Одлука за примање донација – материјални добра од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци;
14. Годишен План за вработување за 2024 година на ООУ„Димката Англелов Габерот„ Кавадарци, донесен од Директорот на ООУ„Димката Англелов Габерот„ Кавадарци;
15. Годишен План за вработување за 2024 година на ООУ„Димката Англелов Габерот„ с.Ваташа, донесен од Директорот на ООУ„Димката Англелов Габерот„ с.Ваташа;
16. Годишен План за вработување за 2024 година на ООУ„Тошо Велков Пепето„ Кавадарци, донесен од Директорот на ООУ „Тошо Велков Пепето„ Кавадарци;
17. Одлука за утврдување на цени (надомест) за дадени услуги на ЈП за стопанисување со спортски објекти Мито Хаџи Василев Јасмин„

Кавадарци на Градски Базен, донесена од Управен Одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти„ Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци;

Точка 18 СЕ ИЗЗЕМА , понатаму семенува редоследот на точките.

18. Статут (пречистен текст) на ЈП за стопанисување со спортски објекти Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци, донесен од Управен Одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти„ Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци;
19. Одлука за организирање на подружница бр.2, донесена од Управен Одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти„ Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ„ Димката А Габерот„ Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на вака изменетиот дневен ред .Кој е за. Едногласно. Диме.За.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот дневен ред да се надополни

со точка 20.

Предлог-Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ„ Димката А Габерот„ Кавадарци;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ„ Димката А Габерот„ Ваташа;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на вака изменетиот дневен ред .Кој е за.Едногласно. Диме. За.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред на денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ„Тошо Велков Пепето„ Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување по вака предложената точка на дневиот ред .Кој е за. Едногласно.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред на денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ„Гоце Делчев„ Кавадарци

Согласно Деловникот молам за произнесување на предложената точка на вака изменетиот дневен ред .Кој е за. Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ„ Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за. Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на денешниот дневен ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за. Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

ПЛАН ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА АМБИЕНТАЛНИОТ ВОЗДУХ ЗА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, период 2022-2026;

Согласно Деловникот молам за произнесување на предложената точка на вака изменетиот денешен дневен ред .Кој е за.Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на денешниот дневен ред на денешната седница со следната точка, тоа е :

Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци.

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка по денешниот дневен ред .Кој е за. Едногласно.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред на денешната седница со следната точка, тоа е:

Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на Спогодба за заедничко организирање на меѓуопштинскиот линиски превоз на патници помеѓу Општина Кавадарци и Општина Неготино;

Согласно Деловникот молам за произнесување на предложената точка на денешниот дневен ред .Кој е за. Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година (лекување);

Согласно Деловникот молам за произнесување на предложената точка на дневен ред .Едногласно усвоена.

Дали има други предлози за измена и дополнување на досегашниот вака изменет дневен ред. Повели Јован Златевски.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Советнички прашања.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Во ред.

30. Советнички прашања.

Значи точката ја ставам на гласање.Повелете кој е за. Во ред. Дали барате некој друг предлог или измени на вака дополнетиот дневен ред. Нема. Бидејќи нема нови предлози за вака изменетиот денешен дневен ред целиот дневен ред го ставам на гласање. Кој е за вака изменетиот денешен дневен ред на 25-та седница. Едногласно усвоен.Со тоа одиме кон реализација на денешниот дневен ред на денешната 25 седница на Советот на Општина Кавадарци.

1. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно. Диме. За. Во ред. Со тоа е усвоена првата точка од денешниот дневен ред. Заедно со Амандманите.

2. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ТППЕ во Општина Кавадарци за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно. Диме. За.

3. Предлог-Одлука за распределба на средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Диме. За.

4. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлука за формирање на зони за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот и за утврдување вредност на градежно неизградено земјиште и градежно изградено земјиште за град Кавадарци и за селата во Општина Кавадарци за 2023 година;

Почитувани советници дали некој бара збор. Повели Вуко Мелов.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани колеги советници, Претседател на Совет, Градоначалник, медиуми, граѓани на Општина Кавадарци. Од она што можеме да го видиме со променета на одлуката се прават одредени технички додавања на одредени зони, улициво зоните врз основа на кои треба да се утврдува проценатата градежна вредност , која што всушност претставува даночната основа врз основа на која што се пресметува данокот на имот и истата оваа одлука ја имавме за ревалуација на пазарна вредност на недвижниот имот пред неколку седници и тогаш споменав и ќе споменам и сега дека станува збор за одлука врз основа на која што се прави ревалуација на проценетата пазарна вредност, односно зголемување на проценетата пазарна вредност, а со тоа зголемување и на даночната основа со што се прави зголемување на она што претставува данок на имот односно износ на данок на имот, кој што треба да го платат граѓаните и исто оваква работа имавме 2018 година кога повторно на почеток на мандат донесоа ваква одлука, се врши ревалуација и се зголемува данокот за имот. Тогаш беше неколкукратно. Зборувавме минатата седница дека одредени објекти не биле опфатени на минатата ревалуација и тоа е добро, меѓутоа да не заборавиме дека имавме драстично зголемување на износот на данок на имот и кај оние имоти каде што немаше никаква промена во делот на она што претставува имот на граѓанинот. Граѓаните наместо со намалената даночна стапка во делот на дворното место, во оние места кај што живеат наместо да добијат некаквоси намалување на износот на данок на имот истите ќе добијат со оваа ревалуација зголемување.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали некој друг бара збор. Значи се работи почитувана од Сектор финансии на Општина Кавадарци. Тоа е Предлог- одлуката за утврдување на Одлуката за формирање на зони за утврдување на пазарна вредност на недвижниот имот и за утврдување на пазарна вредност на градежно неизградено земјиште и градежно изградено земјиште изградено на територијата на Општина Кавадарци и селата за 2023 година;

Значи тоа е четвртта точка за ревалуација на Правилникот за изменување и дополнување на зони и утврдување на пазарната

вредност.Четвртта точка од денешниот дневен ред.Прашањето се состое дека неколку пати се зголемува вредноста на ревалуација на зоните со цел зголемување на вредноста на данокот за имот. Од што доаѓа и како доаѓа.

РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА ЦАНКА ЈОВАНОВСКА: Почитувани советници, Градоначалник, медиуми и останати. Ова прашање беше на дневен ред пред неколку седници, една или две. Тогаш го елабориравме детално и кажавме колкава е разликата во зголемувањето. Разликата беше од 80-220 денари разлика. Ги елабориравме и сите зони и работевме на комисија. Сега правиме измена само во техничкиот дел каде што се направени технички грешки. Всушност во поголем дел од овие точки каде што се вели:Се брише износот од 5 бода таму воопшто не постојат објекти. Од таа причина и го бришиме тоа. Постојат само градежно земјиште и останува делот за градежното земјиште. Значи не е направено бришењето, иначе тоа го зборувавме на комисија и сите тие со примереи ги елабориравме тогаш. Знаќи нема значајно зголемување, само има усогласување. Процентот на градежното земјиште се намалува од 0,10 на 0,05% и се усогласуваат зоните. Тоа ни е обврска по закон, спрема цените што се постигнуваат на пазарот. Такви усогласувања должни сме да направиме и тоа не значи значајна отстапка и сега и со новото зонирање сепак вредностите во пресметката се нешто пониски отколку договорите што ги носат за купопродажба странките.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали некој друг бара збор. Бидејќи не бара точката ја ставам на гласање. Кој е за. Диме. За. 9 за.Против 7.Воздржан.1 воздржан.Двајца.

5 .Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонијана подрачјето на Општина Кавадарци за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. 11 за Диме. За. 12. Против. 5 против и 1 воздржан. Двајца воздржани.

6. Предлог-Одлука за сопствено учество во проектот“Набавка на опрема за Ултравиолетова дезинфекција на вода,,

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Едногласно. Диме. За.

7. Предлог-Одлука за утврдување на фиксни оперативни трошоци за управување со „Регионалниот центар за згрижување на бездомни

миленици и ветеринарно здравство во Вардарски плански регион“ во последниот квартал за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно. И двајцата советници кои беа отсуттни Ристе и Ружица се придружија со нас, така да останува само Диме онлајн уклучен.

8. Предлог-Одлука за за изменување и дополнување на Одлуката за отстапување на користење на простор во сопственост на Општина Кавадарци за формирање на Младински центар Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Тоа е 8 точка на денешниот дневен ред. Кој е за. Едногласно.

9. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на изгледот на фасади на објекти во централнто градско подрачје;

Отварам претрес по оваа точка. Повели Јован Златевски.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Почитуван Претседавач на Совет, Градоначалник, почитувани колеги советници, почитувани медиуми, граѓани. Во врска со оваа точка вчера на комисијата што ја имавме дадовме како заклучок да во наредниот период, до одржувањето на наредната седница на Советот се заземе став за и тогаш да се разгледа оваа точка за боите кои што се користат за фасадите на оние згради кои што се обновуват веќе, што се во тек од страна на Општината обновување на фасадите и за новите згради. Ние имаме примери. Мене реално да ви кажам ми смета тоа нови згради, блок згради, секој си ја праве зградата по сопствена боја. Тоа му е одобрено на некој начин, меѓутоа да се најде начин, некоја комисија да се оформе и да се заземе став на кои нијанси да бидат фасадите во нашето подрачје, дали било тоа нови или овие што ги обновуваме фасадите. Имаме примери во некои градови, јас вчера спомнав примери когасум одел и во Сплит и во Кавала, Белград нијанси, а има примери и на еден остров блиску до Венеција минатата година секоја фасада беше различна боја, ама тоа од причина што морепловците кобајаги кога не можела да си ги наоѓат куќите навечер кога стигнувале. Кај нас не е така ситуацијата, ама сакам да изгледа нашиот град како што треба.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Елена Тасевски ве молам, претставник од Општината.

РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР ЗА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВО ПЛАНИРАЊЕ ЕЛЕНА ТАСЕВСКИ: Добарден на сите. Ние вчера разговаравме на комисија. Советникот имаше предлог за новите фасади за новите згради за новите одобренија за градење. Јас веќе со колегите разговаравме околу тоа. Ќе изработиме некој предлог-планеви, мислам изглед за новите одобренија за градење. Така да ќе ви елаборираме до нареден Совет на комисии, па ќе ја усвоиме и таа одлука.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Ама дали ние имаме законско право да се мешаме во фасадата у трета зона на некој што граде приватно.

РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР ЗА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВО ПЛАНИРАЊЕ ЕЛЕНА ТАСЕВСКИ: Значи тоа е предлог. Значи ќе ги разгледаме сите законски решенија доколу е возможно.Сепак сега не можам да ви одговорам, затоа што нити сме почнале да работиме околу тоа, затоа што седницата, мислам комисијата беше вчера. Така да ќе ги разгледаме до нареден Совет ќе имаме информација, така да ќе ви образложиме.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи стриктно само зборуваме за изглед на фасади.

РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР ЗА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВО ПЛАНИРАЊЕ ЕЛЕНА ТАСЕВСКИ: За изглед на фасадите на новите згради за новите одобренија за градење.

ГРАДОНАЧАЛНИК А Општината што ги реконструира.

РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР ЗА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВО ПЛАНИРАЊЕ ЕЛЕНА ТАСЕВСКИ: Не тоа е ок сето. Тие се усвоени на Совет. Градоначалник значи разговараме оваа предлог одлука е измената за фасадите што нема да ги работиме, што се во добра состојба. За новите фасади што дадивме предлог што се во лоша состојба, во централно градско подрачје, што ќе ги инвестира Општината, тие на нареден Совет ќе се усвојат како ќе изгледаат. Значи за тие не се спорни. За новите фасади предлогот на советникот беше, затоа што ова вчера се разговараше на комисијата за новите одобренија за градење.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи во тој случај ќе треба да видиме дали правно сме во можност и правна колизија има предлогот со акција.

Дали некој друг бара збор. Тогаш пристапуваме кон гласање за оваа точка . 9 точка. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на изгледот на фасади на објекти во централнто градско подрачје. Заедно со предлогот на Амандманот на советникот Јован за да се утврди дали може и за новоизградени градежни објекти да се влијае за изгледот на фасадата. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. 13 за. Диме. За. 14 за. Воздржани. 5.

10. Предлог-Одлука утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

11. Предлог-Одлука за одобрување на поединечна субвенција на Палитов Тасе за купување и инсталирање на електрична фотонапонска електроцентралаза 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно. Диме. За.

12. Предлог-Одлука за примање донација – услуга извршување на градежни работи од Друштво за производство, трговија и услуги "ЈА-МИ" експорт- импорт ДООЕЛ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали бара некој збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Заедно со Амандманот доставен до нас. Едногласно усвоена. Диме. За.

13. Предлог-Одлука за примање донација – материјални добра од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

14. Годишен План за вработување за 2024 година на ООУ„Димката Англелов Габерот„ Кавадарци, донесен од Директорот на ООУ„Димката Англелов Габерот„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Тоа е 14 точка. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.Диме. За.

15. Годишен План за вработување за 2024 година на ООУ„Димката Англелов Габерот„ с.Ваташа, донесен од Директорот на ООУ„Димката Англелов Габерот„ с.Ваташа;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена. Се извинувам. 17 за. 1 воздржан. Диме. За.

16. Годишен План за вработување за 2024 година на ООУ„Тошо Велков Пепето„ Кавадарци, донесен од Директорот на ООУ „Тошо Велков Пепето„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Тоа е 16 точка од денешниот дневен ред. Директоре може ли на кратко да добиеме известување за барањето за Годишниот план за вработување за 24-та година.

ДИРЕКТОР НА ООУ ТОШО ВЕЛКОВ ПЕПЕТО КАВАДАРЦИ САШКО ПАНОВСКИ: Добарден. Почитуван Градоначалник, почитуван Претседател на Совет, почитувани советници, почитувани медиуми и граѓани. Значи ОУ Тошо Велков Пепето бара ново вработување, економ. Сите документи се доставени уште лани, еве 2 години сум директор и заглавени се во некои други процедури.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи барањето е за вработување на економ. Тоа барање вие го процесуирате до Советот и од финансии барате

ДИРЕКТОР НА ООУ ТОШО ВЕЛКОВ ПЕПЕТО КАВАДАРЦИ САШКО ПАНОВСКИ:од Министерство за информатичко општество согласност и од Министерство за финансии согласност. 2023 е пратено 5-ти месец до МОН и имаме согласност и позитивно е одговорено, позитивно е одговорено за 2023 и од Министерството за информатичко општество, но немаме согласност од Министерството за финасии.

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Почитуван директор, мене ме интересира досега, значи овакво работно место немаше нели во вашата институција, сега ова е отварање на ново работно место, позиција економ. Сакам едно образложение од вас зошто ви е потребен нели економ, ако досега ова образовна институција функционирала без тоа работно место.

ДИРЕКТОР НА ООУ ТОШО ВЕЛКОВ ПЕПЕТО КАВАДАРЦИ САШКО ПАНОВСКИ: Благодарам советниче. Нас ни е потребен економ, значи според обемот на работата и според бројот немаме такво стручно лице што би ги обавувало овие работи. Значи сите технички работи, набавки, пошти. Во нашето училиште нема, а во другите училишта има по двајца, по еден во сите општински училишта.

Досега немало во ООУ Тошо Велков Пепето. Имаме сознанија дека во другите училишта има по двајца, по еден, а кај нас нема.
СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Тогаш јас имам еден предлог. Ако има во некое школо двајца или ако може да се направат напори ако е правно тоа изводливо од одредено училиште каде што има двајца економи да се распредели еден во вашето основно училиште.
ДИРЕКТОР НА ООУ ТОШО ВЕЛКОВ ПЕПЕТО КАВАДАРЦИ САШКО ПАНОВСКИ:Тоа е наше барање, значи пред месец дена бевме до МОН и они истиот предлог ни го дадоа, но треба, значи тоа да го решите вие.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Бидејќи имаме тука двајца присутни директори, еве Директоре на Габерот Кавадарци колку економи имате. Еден. А во Ваташа. Нема економ. А ти имаш ли во годишното барање барање за економ. Не. Поради помал обем на работа.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ:....Директорот има потреба... Да не бидеме ние кочница, министерството дотично се повисок орган Ние да дозволиме тие ако проценат дека нема пари, финансии Информатичко Општество.... нема тука. У старт да бидеме позитивни. Не е проблем да дадеме пас, да не бидеме ние кочница за наше училиште.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи апсолутно никој не го негира потребата и барањето на директорот и на образовната институција за задоволување на работните обврски. Друго нас ни беше прашањето дали во однос на економите како потреба во секоја образовна институција се врзани според обем на работа, според број, тоа беше интенцијата.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: ....Има потреба за таа работа. И во образование и во детски градинки и во овие културни институции каде што има потреба од човек каде што теретот е на Министерство, ние сме мал фактор, да не правиме трошоци, да дадиме зелено светло па нека борат натаму.
ДИРЕКТОР НА ООУ ТОШО ВЕЛКОВ ПЕПЕТО КАВАДАРЦИ САШКО ПАНОВСКИ:Ние во Пепето значи имаме 11 технички персонал и 1 административен работник. Во секое школо има најмалце по двајца административни работници. Во Пепето има 1 административен работник. Според бројот на ученици, према големиот опфат, знаете колку е квадратура, сето тоа значи мислам дека ни следува барем 1 да го вработиме и да ги обавува тие работи.
СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Во однос на Планот за вработување спремен сум да гласам за, ради тоа што директорот докажа дека

му е потребно, но додека сте тука директоре да се информира јавноста ако може околу состојбата со кровот што го имате и проблемот заради тоа што од родители стално слушаме поплаки, посебно во кабинетите кои ви се надвор од зградата на училиштето. Во каква ситуација е, што е потребно за да се среди и дали и кога би се средило.

ДИРЕКТОР НА ООУ ТОШО ВЕЛКОВ ПЕПЕТО КАВАДАРЦИ САШКО ПАНОВСКИ: Прекрасно прашање и морам на тоа да одговорам. Со последните врнежи беше стварно поплава во училиштето. Значи тие две училници и спортската сала значи не беа во функција наредната ден да се користат. Значи ние мораме подхитно да го санираме тоа, да го смениме кровот, барем ако немаме толку пари спрема проценката што е 11 500 000 денари, барем пола или од тој дел да се покрие дека таму има голема работа и тие се штетни азбесни табли. Уште нашето училиште во Општина Кавадарци остана со такви табли и подхитно ова лето тоа мора да се среди. Ве замолувам.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Директоре дали е тоа за целото училиште или само за објектите кои што се надвор од главната училишна зграда.

ДИРЕКТОР НА ООУ ТОШО ВЕЛКОВ ПЕПЕТО КАВАДАРЦИ САШКО ПАНОВСКИ: За целото училиште е тоа. 11 000 000. 11 500 000 денари. За целото училиште, кров значи од 3700 м2 треба да се среде значи нов кров, не да се санира. Поплавата е настаната со последните ставања на овие соларните панели. Морам да го кажам тоа нажалост. Некој може ќе се навреде овде, но јас морам тоа да го кажам. Да не беа тие соларните панели сега ставени, тоа е се горе сокршено, а немаме можност хаусмајстор да се каче горе, се качува ама нема можност да санира. Нема пристапно место да влезе за да се покрие, да се санира.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Да се најде соодветно времено решение ако другите објекти се средат, а после во даден момент, кога ќе се створат услови и главната училишна зграда.

ДИРЕКТОР НА ООУ ТОШО ВЕЛКОВ ПЕПЕТО КАВАДАРЦИ САШКО ПАНОВСКИ: Првин треба кровот да се среде, па после сето друго.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Има ситуација во Општина Богданци слична на вашата, само што таму нов кров се правел и со несоодветно изведба ама со медиумски притисок се привлече вниманието на јавноста и на таков начин еве сега се прават ...за реконструкција. Знам дека ова повеќе од година ве мачи. Така да може вистински пристап и кај вас со истото да се оде.

ДИРЕКТОР НА ООУ ТОШО ВЕЛКОВ ПЕПЕТО КАВАДАРЦИ САШКО ПАНОВСКИ:Ова не е само една година. Кај нас ова е од 2013, 2014 година. И претходните директори имаат побарање. Не сум само јас. Значи секој кој директор иде се со новата програма првен е кровот, значи барано е до Министерството, разговарано е во министерството. Нажалост нас министерството ни дади 10 000 денари за санирање на кров. Не можам ни скала да купам да се качам на кровот, не да санирам нешто.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитуван директоре дали до сега во школото Тошо Велков Пепето ви било одобрен проект за санација и истиот не е реализиран. И според моите пресметки негде беа колку што знам излева како што кажа за околу 500 квадарта максимум до 6 000 000 денара, а е 11. По кој основ се 11 000 000 денара .Има некоја проценка од некој направено, не направено. И имам сознание дека некогаш било одобрено да се реализира санација на кровот на Тошо Велков Пепето, меѓутоа од кои причини не се реализира незнам.

ДИРЕКТОР НА ООУ ТОШО ВЕЛКОВ ПЕПЕТО КАВАДАРЦИ САШКО ПАНОВСКИ: Значи првата проценка негде јас кога дојдов директор беше од 6-8 000 000 денари да се санира кровот. Со покачување на лимот, на железото ни бараа од Министерството нова пресметка и новата пресметка беше направена. Значи сето тоа извршено, од страна се измерено и они донесија цена дека е 11 500 000 денари.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: А дали претходно имаа одобрение за санација од страна на Министерството.

ДИРЕКТОР НА ООУ ТОШО ВЕЛКОВ ПЕПЕТО КАВАДАРЦИ САШКО ПАНОВСКИ: Има одобрение, ама не е реализирано. Одобрение има уште од 2014, 2013. Сите викат да, ама не е реализирано. И денес има одобрение, ама не е реализирано. Па сите викат нема проблем ќе го правиме. Средства никогаш не се пуштени. Јас кога дојдов ни бараа нова премер пресметка, ние нова премер пресметка тука тука во Општината јаземавме и ја направивме со нови цени, јас не ги ставам цените. Значи премер пресметката инжинерите ја прават и од Општината и од Бирото што беше назначено да се прави. Па Градоначалниче и со вас е разговарано. Вие викате одобрено е.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Директоре ви благодарам за исцрпното образлагање. Повели Градоначалник.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитуван Претседател, почитувани советници, почитувани сограѓани, почитувани медиуми и служби. Во врска со прашањето за Тошо Велков Пепето како училиште основно, едно од најголемите училишта и дефинитивно најголемо по површина. Темата не е денеска почната, па ниту завршена. Првиот проект за

реконструкција на кровот е изготвен 2001 година. 2001 година проектот го има во Општина Кавадарци, во хартиена форма е и вредноста ми се чине околу 7 000 000 денара, меѓутоа тогаш кога го правеле проектот и проектирале, пректирале замена на кровната конструкција со лим или со нешто друго и делумна санација на носивоста на кровната конструкција, меѓутоа денеска е 23-та, поминати толку години, по ревидирањето на кровот и по согледувањето на ситуацијата таму треба комплетна санација на целиот кров, значи треба да се сменат и греди и летви и кровната конструкција да биде панелна. Тој проект е направен барање на МОН, од Општина Кавадарци мислам дека и школото учествуваше во тој дел и е со 11 000 000 денара проектирана вредност. Значи не е проценета него проектирана вредност, од проектант со ревизија се комплет и ние неколку пати го аплицираме до МОН, како приоритетен проект. Последниот буџет кој го имаше МОН беше 270 000 000 денара и тоа го зборував јас пред 2 седници. Од 270 000 000 денара за Општина Кавадарци за истото училиште се одобрени 10 000 денара и на мое прашање и реакција до Министерството што е ова со 10 000 денара што е одобрено. Беше кажано Абе тоа е да влезите во колачот, односно да има некој реципроцитет по општините, а инаку има одобрени училишта за реконструкција, нема да ги именувам во други општини, претежно во Западна Македонија по 30, по 40 000 000 денара, по 20 000 000 денара итн. По кажувањето на сериозноста на проблемот на самата кровна конструкција, разговарано е со Кабинет на министер и некаде во месец мај е ветено дека со првиот ребаланс министерството ќе одвое дел од средствата од 11 000 000 –те денара, ама не повеќе од 5, 6 000 000 денара. Ние како Општина со одреден ребаланс да влеземе со 5, 6 000 000 и така да го реконструираме кровот. Јас верувам дека Министерството ќе си отстое на тоа што е ппанирано, да одвое 50% од сумата на кровната реконструкција, макар што е обврска ниван да ја завршат и ние како Општина со идниот ребаланс да одвоиме 5 000 000 и за време на летниот распуст кровот се реконструира комплетно и да се сработе. Така да проблематиката не е ниту од директорите, ниту од овој директор, ниту од претходниот, него од 99, 2001 година тој кров е за менување. Очекувам ребалансот министерството кога ќе го има, ние веќе имаме пуштено барање и ургенција за ситуацијата. Да прво они си донесат ребаланс, а после ние пристапиме кон ребалансирање и заеднички тендерираме кон реконструкција на кровната конструкција на самото школо.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Почитувани дали друг бара збор. Бидејќи никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Кој е за. 13 за. Кој е воздржан. 5 воздржани. Диме. Воздржан.

17. Одлука за утврдување на цени (надомест) за дадени услуги на ЈП за стопанисување со спортски објекти Мито Хаџи Васילев Јасмин,, Кавадарци на Градски Базен, донесена од Управен Одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти,, Мито Хаџи Васילев Јасмин,, Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Тука е директорката на Мито Хаџи Василев Јасмин,, Кавадарци спортскиот објект. Повели нешто да не запознаеш околу проблематиката.

ДИРЕКТОРКА НА ЈП МИТО ХАЏИ ВАСИЕЛВ ЈАСМИН ЗОРИЦА СТОЈАНЧЕВСКА: Добарден. Почитуван Претседателе, почитуван Градоначалник, почитувани советници, граѓани, медиуми. Одлуката за утврдување на цени (надомест) за дадени услуги на ЈП за стопанисување со спортски објекти во однос на Градскиот Базен се следниве: влезен билет 100 денари, сезонски билет 3000 денари, месечен закуп на шанк, односно 3-те помали шанкови кои што ги имаме од левата страна 10 000 денари, месечен закуп на голем шанк што се наоѓа десно од базенот 20 000 денари. Тоа се цените во однос на одлуката кои што се првично дадени и истите сме водени од претходно како биле.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Врз основа на цена од преходна година.

ДИРЕКТОРКА НА ЈП МИТО ХАЏИ ВАСИЕЛВ ЈАСМИН ЗОРИЦА СТОЈАНЧЕВСКА: Да, да. Истата цена е.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас само би дополнил. Дали може како заклучок да влезе пливачката школа која што ја организираме преку Сојуз на спортови да бидат ослободени од надомест за плаќање, односно тоа е пливачка школа која што ја организира Училишното Здружение на спортови и тие дечиња професионално учат да пливаат, не рекреативно, него професионално во одредени денови, во одредени термини. Така да, да не носиме после други одлуки, како Заклучок да влезе дека таа пливачка школа евидентирано да бидат ослободени од плаќање, затоа што е јавен интерес и интерес на децата да учат да пливаат.

ДИРЕКТОРКА НА ЈП МИТО ХАЏИ ВАСИЕЛВ ЈАСМИН ЗОРИЦА СТОЈАНЧЕВСКА: Што се однесува до точката нема проблем, ќе биде додадена и истата ќе биде донесена на Советот што ќе можат

децата да доаѓаат бесплатно во точно определен временски период, исто како лани.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Сакам само да прашам нешто. Ако дневната карта е 100 денари. Зошто да биде месечната 3000.

ДИРЕКТОРКА НА ЈП МИТО ХАЏИ ВАСИЕЛВ ЈАСМИН ЗОРИЦА СТОЈАНЧЕВСКА: Јас разговарав сезонска, за сите 3 месеци 3000 денари. Интересот за месечна карта претходната година бил многу мал. Севкупно биле продадени само 4 карти. Поради тоа воопшто не беше додадена во оваа одлука, одиме со сезонски билет од 3000 денари за секој кој што сака да го купе.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Почитуван Претседателе, Градоначалник, колеги советници и останати. Уште еднаш да образложам околу ситуација за базен минатата седница зборнавме нешто, не завршивме се, а после минатата седница по налог на директорката ние видовме какво е стањето на Градскиот базен. Јас сум познавач на машинскиот дел, филтри, пумпи, тој дел што е најскапиот на базенот. Заклучок мој и групата колеги што бевме е дека овој базен бара пари за тргнувањ во работа, од санитарни чворови, од пумпи, од филтри, кварцен песок, хлорирање, дехлорирање и ред други работи. Тие работи ние треба да се договориме да ги завршиме, можеме да ги завршиме, требат пари. Да не излезедека на граѓаните им обеќаме базен во јуни, а да не бидеме дотогаш спремни, готови. Таа проблематика малку требаше и со Градоначалникот да ја зборниме, ама Градоначалникот некако како да остава на други да ја решаваат, нејќе да се инволвира во тој проблем заедно со мене. Градоначалник од реалноста нема да бегаме. Јас и ти сме биле соработници многу време и сме се разбирале добро. Бегањето негативни ефекти по тебе и по мене. Ајде да се договориме тој дел како ќе го решаваме. Јасмин како сала пари нема. Дури не најдиме конструкција финансиска и овој другиот дел да го решиме, ние нема, на кој ќе му продаваме карти. Мислите дека некој ќе влезе да купе карта ако нема санитарен чвор или ако филтерот или ако пумпата не работи. Моите видувања се реални и такви.Тоа што директорката и Градоначалникот се договараат јас не сум факторда се мешам. Јас како советник укажувам на работи што сум ги видел, штоги познавам. Инаку ниту имам право да кочам. Јас секогаш давам подршка и гласам за сала Јасмин. Не ми е намера Градоначалник да ве понижувам или самиот да се понижувам. Проблемот е реален. Ние имаме таму, ве замолив минатиот пат објектот што е дива градба стопанственикот што го градел и тој не стопанственик, не е легализиран објектот,

дава пас Општината да си го легализира и да го издава, ни го дава поклон. Објектот што некој го напаравил вика Легализирајте го на Општината и дајте да го работи, на некој или пак ние како Јасмин. Ако базентот работи 12 месеци со пропратните објекти, пропратните објекти ако прават малку ќар, летниот период базентот малку зијан и доаѓаме до некоја позитивна 0 и некој плус мал, што е прифатливо за нас, а сега ние сакаме од јуни месец до септември да работиме базен без пари. Да се е тоа изводливо и директорката прифатила да го работи и тоа е добро што го прифатила, но сега ние викаме дека ние како сала Јасмин пари немаметоа да го стигниме. И ако не го стигниме ќе следуваат санкции. По кој. По директорката. Ех тоа да го слушнам. Да го слушне и директорката. Градоначалник благодарам.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Менаџирањето на СС Јасмин и објекти кои што има си има директор, легитимен, избран со мандат. Директорот си има обврска да го спроведе целокупното работење на салата и тоа што го давам како обврска од Општина Кавадарци и ќе го спроведе. Во делот на објектот кој што го спомна Сакалиев советникот нит е решен, ни ќе биде решен. Од 90-та година е изграден објект, дивоградба во склоп на спортски рекреативен центар ние да легализираме, нема да го легализираме. Прво е изграден на Р.М. земјиште и е изграден на рекреативен спортски центар. Не можеме да земиме нешто бакшиш, што е дивоградба, а ниту пак можеме на наше име да го легализираме, пошто не се склопува со спортските елементи. Општина Кавадарци има проект за комплетна реконструкција на Градскиот базен. Догодина ќе си пристапиме со реконструкција на базенот , со намалување на волуменот на вода, на длабочината, со тобогани, со содржини, со игротеки и со други работи и ќе има рекреативно катче за летно време за и децата и луѓето каде ќе се разладуваат . Ние сме град од 40 000 жители и не смееме да дозволиме да немаме Градски централен базен, мислам е но сенс. Приватен интерес тука не постое, не постое никој бизнис, постое јавен интерес за нашите сограѓани. Така да затоа го прашав советникот од дел на советник и подршка кога ќе дојдиме во ситуација да разговараме за средства финансиски за помош на СС Јасмин, конкретно ако треба за пливачкиот базен ние ќе донесиме одлука таква како што треба соодветна, али за тоа треба да направите елаборат и да се договориме дали треба, колку треба средства, колку се приходи, колку се расходи, колку ќе влезите во минус. Сигурно тој минус нема да дојде да ние дозволиме да банкротира претпријатието или остане било како, ќе го

кофинансираме од Општина Кавадарци, како што било и секогаш досега, меѓутоа со оглед на тоа дека треба директорот да си направе соодветна документација и предлог, јас мислам дека работат на тоа и дека базенот на 15 јуни ќе биде отворен и дека ќе функционира најдоцна до 15 септември или 30 август со почеток на учебната година во однос на интересот на самите сограѓани за користење на Градскиот базен. Тоа сум сигурен и нема да промашиме во тоа.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Дали некој друг бара збор. Бидејќи никој не бара збор 17 точка ја ставам на гласање. Кој е за. Заедно со Заклучокот од Градоначалникот за Градскиот базен. Едногласно. Диме. За.

18. Статут (пречистен текст) на ЈП за стопанисување со спортски објекти Мито Хаџи Василев Јасмин,, Кавадарци, донесен од Управен Одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти,, Мито Хаџи Василев Јасмин,, Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Кој е за. Едногласно усвоена.

19. Одлука за организирање на подружница бр.2, донесена од Управен Одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти,, Мито Хаџи Василев Јасмин,, Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

20.Предлог-Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ,, Димката А Габерот,, Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали бара некој збор. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Едногласно.

21. Предлог-Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ,, Димката А Габерот,, Ваташа;

Отварам претрес по оваа точка. Дали бара некој збор. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

22. Предлог-Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ,,Тошо Велков Пепето,, Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали бара некој збор. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

23. Предлог-Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ,,Гоце Делчев,, Кавадарци.

Отварам претрес. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

24.Предлог-Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ„ Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци.

Отварам претрес по оваа точка. Дали бара некој збор. Ја ставам на гласање.

25. Предлог-Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци.

Отварам претрес по оваа точка. Дали бара некој збор. Точката ја ставам на гласање.

26. ПЛАН ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА АМБИЕНТАЛНИОТ ВОЗДУХ ЗА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, период 2022-2026;

Отварам претрес по оваа точка. Дали бара некој збор.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Почитувани присутни, почитувани медиуми, почитувани граѓани на Општина Кавадарци. Како Претседател на Комисијата за екологија ни беше доставен овој план за одобрување на амбиенталниот воздух и моето излагање ќе го базирам и како здравствен работник, односно доктор, затоа што сериозни се импликациите на загадениот воздух врз здравјето на луѓето, низ бројки тоа значи вака: На глобално ниво проценката дека загадувањето на воздухот влијае врз здравјето на граѓаните е следно 29% од смртните случаи од рак на белите дробови се базираат на аерозагадувањето. 43% од смртните случаи од хронично опструктивни белодробни болести се базираат на загадувањето на воздухот, 25% од исхемичната срцева болест се базира на аерозагадувањето, а 24% од смртноста предизвикана од мозочни удари се базира на аерозагадувањето. Каква е бројката во Општина Кавадарци. Бројот на хоспитализирани пациенти заради асма во Општина Кавадарци е за 3 пати поголем од просекот земен во Р. С. Македонија, бројот на хоспитализирани заради циркулаторни болести е за 30% повисок во Општина Кавадарци споредбено со националниот просек или 2108 на 100 000 жители за Кавадарци, 1518 на 100 000 жители национален просек. Истото е и со хоспитализирани пациенти за исхемична срцева болест и хоспитализираните пациенти заради мозочни удари, каде бројот е дупла поголем од оној кој е земен каконационален просек. И најфрапантни се бројките изведени во заклучокот на овој План, а тоа е дека смртните случаи во Општина Кавадарци, вкупно 94 на годишно ниво се како резултат на аерозагадувањето, а тоа е 20,3%, од вкупниот број на смртни случаи споредбено со националниот просек , тоа е за 2% повеќе, односно 385 лица на 100 000 е за Општина Кавадарци, 331 на 100 000 е националниот просек. Овие бројки се загрижувачки и

ова е аларм дека мора да се превземе нешто за надминување на аерозагадувањето. Најголем дел од овие болести се базираат на аерозагадувањето од П.М. 2,5 честичките за кои што во планот стои дека немаме не е исполнет миниумотод 95% за мониторинг на територијата на Општина Кавадарци, односно покриеноста со податоци за 2021 изнесувала 75,47 %. Загаденоста со П.М. 10 укажува на тоа дека оваа супстанца е критичка загадувачка супстанца за квалитетот на воздухот во Општина Кавадарци. Во зимските месеци има 20-25 надминувања месечно на граничните вредности од 10 мг/ м3 и тоа е во некои денови е двострук, па скоро и четириструк од дозволените гранични вредности. Како советник и како здравствен работник апелирам на превземање на итни мерки кои што ги предвидува овој план за намалување на аерозагадувањето, затоа што ако овие бројки ги имаме сега, со трендот на загадување бројките во иднина ќе бидат уште позагрижувачки. За нас во оваа студија се презентирани бројки, но за граѓаните тоа се човечки судбини. Апелирам на сериозност на овој проблем и изнаоѓање на брзи решенија кои ќе дадат резултат, чиј што ефект ќе го гледаме во иднина.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Добро е советниче што сте го разгледале и виделе Планот за амбиентален воздух и детектирањето и евидентирањето на загадувачи на територија на Општина Кавадарци и да ве информирам дека сме меѓу првите општини во Републиката што донесе ваков план и е одобрен од сите институции и веќе е впишано во Катастарот, меѓу првите општини и тука мора да му се заблагодарам на тимот кој што напорно работеше од Општина Кавадарци, на министерствата и на сите други кои што го донесовме во делот на една ајде да кажам тригодишно работење. Да. И добро е кога ќе се донесе план да се детектира и да се каже реалната слика, а не да се прекрива или да се праве било што. Со тоа ќе ја подигниме свеста и на граѓаните и на компаниите и нас ќе не подигне и на советници и на сите. Планот е цела наука што треба да ја спроведиме наредните 5, 10 и 15 годиниза намалување на загадувањето, на амбиенталното загадување во територијата во Општина Кавадарци. Од самиот план има и конкретни мерки што треба првите 5 години да ги спроведиме. Јас ќе ги прочитам и мислам дека по сите мерки веќе Општина Кавадарци постапува и пред да го донесиме планот. Редовни и зајакнати контроли на инсталациите со А, Б еколошки дозволи и субјекти со одобрен Елаборат за животна средина. Тука е надлежна Општина Кавадарци преку Секторот за екологија и Државниот

Инспекторат за животна средина при Министерството за животна средина и индикациите укажуваат дека работиме на тоа, се прават редовни контроли, а изречени се и неколку казни. Под 2 како препорака за првите 5 години Потикнување на компаниите, вонреден систем за ефикасно користење на енергијата. Да и тука се работе. Општина Кавадарци е меѓу првите општини во Републиката со инсталирани од над 50 mw фотопанели за производство на ел. енергија на кровна конструкција на правни субјекти, да не ги именувам субјектите, значи скоро над 50 mw, што е многу добар момент, а исто и Општина Кавадарци има инсталирано 200 kw на 10 јавни институции за правилно користење и обновлива енергија. Притоа Општина Кавадарци има завршено повеќе проекти за еколошко греење при Детската градинка Рада Поцева, училиштето во Ваташа Димката А. Габерот кое до вчера беше на дрвја, а сега на ел. енергија, Димката А. Габерот Кавадарци, кој што беше на гориво дизел, сега е на ел. енергија и исто приградските училишта, кои што беа на дрвја Сопот, Марена, Дреново, Бегниште сега се на нафта и дел на струја кое што е многу еколошки него претходно, замена на стари системи за греење на домаќинствата кои што користат фосилни горива и со високо ефикасни печки. Општина Кавадарци 4 години по ред, односно 5 дава субвенции за замена на грејни тела и купување на инвертер клима уреди за намалување на аерозагадувањето во Општина Кавадарци. Во просек годишно некаде се одвојуваат отприлика околу 100-тина домаќинства за купување со инвертер клими кај што правиме кофинансирање до 15 000 денара по купување на инвертер клима, значи изминативе 5 години. Субвенција за домаќинствата за набавка на фотоволтаици прва општина сме во Р. Македонија каде што веќе имаме буџет од 5 000 000 со планирани резервни 5 000 000 по потрошувањето за местење на фотоволтаици за производство на ел. енергија од обновливи извори. Наредна точка мислам дека ќе го има и првото одобрување за исплата на 1500 евра за кофинансирање на првиот човек кој што веќе ги постави фотоволтаиците. Досега има 6 апликации, а очекуваме за 15-тина дена да има повеќе апликации, пошто проектите луѓето ги прават тековно и ќе бидат наплив од апликации после извесен период, што е многу добра мерка и поздравена мерка од сите. Препораки за правилно користење на печки на дрва, редовно чистење на оџаците на индивидуални станбени згради. Сами знаете лани донесовме одлука за оџачарска служба при ЈП Комуналец бесплатно ги чистиме оџаците на индивидуални, колективни и други субјекти во Општина Кавадарци.

Изготвување на Програма за енергетска ефикасност и промоција на енергетската ефикасност. Програмата ја изготвуваме во делот на ладењето и намалувањето на загадувањето на материите во воздухот. Значи за тоа пристапуваме кон реконструкција на фасади, енергетски фасади и Општина Кавадарци со новите одобренија кои што ги дава за градење од месец мај ќе има предвидување да има и помали комуналии на индивидуални домувања каде што енергетската ефикасност на куќите ќе биде со коефициент 100, условно зборам. Значи ако граде куќа и го донесе проектот дека ќе ја изграде куќата со енергетска ефикасност, а тоа значи фасаден ѕид со излација, со фотопанели за обновлива енергија за производство на струја. Во тој случај ќе се договориме со комисии, со стручњаци, со стручни луѓе да донесиме на индивидуалните куќи да се намалат комуналиите можеби и до 30, 40% и со тоа да ги мотивираме луѓето да направат ефикасни енергетски објекти, зголемување на енерг. ефикасност и резиденталните и комерцијалните објекти и јавни згради. Во овој дел значи истокако што значат реконструкции на објекти зголемени на нивната енергетска ефикасност, веќе Општина Кавадарци доби нови прозори, Општа болница преку наша апликација нови прозори, сите училишта и јавни институции се комплетно реконструирани со термо фасади, нови кровови и нови термо прозори кај што имат енергетска ефикасност, малтене немаме јавна институција без енергетска ефикасност. Тоа што е под наша надлежност. Замена на системите за греење на јавните објекти кои користат фосилни горива за обновливи извори на енергија. Тука веќе пристапивме со поставување по 20kw на јавни институции и јавни објекти, меѓутоа имаме простор да тековно во наредните 5 години тоа го подигниме на повисоко ниво и буквално го исфрлиме комплет сите тие фосилни горива кои што се...и финансиските средства од 6,5 000000 денара имаме предвидено како буџет и ред други, подигање на јавната свест за придобивка на намалување на загадувањето на воздухот за здравјето на луѓето.Тоа спаѓа домаќинства, деловни објекти, индустриски, сообраќајот. Сами знаете се воведе и јавниот сообраќај, квалитетен превоз и до сега и тука имаме добар бенефит во делот на користење на јавниот превоз на нашите сограѓани дневно меѓу 300 или 400 билети искористени во делот на јавниот превоз. Тоа за мене е добро со тенденција да се зголеми. Општинските власти вика при набавка на производи, услуги треба задолжително да посветат внимание за исполнување на еколошките стандарди за производи, применети .. технологииипри реализација и услуги. Така да

и по оваа мерка ние како Општина за идните набавки треба да се грижиме да бидат што поеколошки, поготово за амбиенталното загадување. Оптимизирање, управување со сообраќајот во центарот на градот. Постапивме и по тие едносмерни улици, обезбедување на паркинг места, тешките товарни возила кои што беа пракса до пред 4 години да ги гледаш на секоја улица од пред 4 години, 3 години веќе тешки товарни возила во Општина Кавадарци нема и се остранети соодветно и се ставени на паркинг места каде што треба да си се паркираат и самите возила. И сега вика вака. Зачестени контроли, вонредни контроли на технички прегледи на возила учесници во сообраќајот. Е тука треба малку повеќе со Полициската Станица да си поработат во емисијата на возилата кои што ги испуштаат. Затоа што има многу возила кои што имаат неправилно согорување на горивото и имаат загадување 1:100 од тоа што треба да го направе, а тоа е единствен начин, може нашите сообраќајни инженери со полициската станица да прават акции на технички прегледи да го мерат учеството на издувните гасови од самите возила со кои што загадуваат и тука помогнавме во голем дел и разговараме претежно со Шумското Стопанство Бор Подружница Кавадарци за носењето на нивните потреби на дрвна маса. Шумското Стопанство знаеме со какви возила располага и еден Камас од 65-та година кога ќе ти влезе во градот, тоа е како да си направил прскање против комарци, а не загадувањето на амбиенталниот воздух, така да ние донесивме одлука да тие возила не влегуваат во градското јадро, со посоодветни и помали возила ги транспортираат дрвјата, меѓутоа таа одлука не е ицелокупена до крај од нивна страна и ги разбираме дека не може преку ноќ да го решат, али со тенденција да се движат. Унапредување на сообраќајната мобилност преку субвенции на набавка на велосипеди и ел. скутери. Велосипедите 4 години по ред даваме субвенции, мислам субвенции негде за 100, 150 велосипеди. Секоја година се користат. Направивме повеќе велосипедски патеки за рекреација и Кавадарци велосипедизмот е веќе издигнат на повисоко ниво од пред 3 години. Знаете дека имаме и Здружение Тиквешки Точкации, а во делот на набавката на ел. скутери тука имаме една дилема која што треба да се усогласиме со МВР заради тоа што ел. скутери сеуште не се ставени во закон никаде. Значи нивната пракса и практика кои што треба да се употребуваат треба Министерството да ги ставе во соодветна категорија. Сега гледаме деца со ел. скутер по улица, по булевар и било каде, а тоа не е регистрирано возило и не смее да се возе на такви намени и затоа не би давале субвенции за

нешто што не е ставено во закон, не дај боже да дојде до нешто несакано, изградба на велосипедски патеки ги спомнав, оваа година ќе ја изградиме до Марена, до Дрекслермајер, до Моклиште завршена и нормално тука нема крај може да се развиваме наредните години уште колку што имаме можности. Промовирање на употреба на хибридни и ел. возила. Знаете дека имаме ел. полнач поставено на центарот во соработка со ЕВН ХОМ. Таму е бесплатно полнењето на електричен или хибриден автомобил за нашите граѓани. Од тоа што го имаме како евиденција 4 возила има електрични во Општина Кавадарци и 10 има хибридни досега. Државата дава субвенции во делот на акцизата на ДДВ-то. Ние како Општина може да направиме такви уреди за полнење, да има на повеќе локации, да се подигне свеста за користење на такви уреди, односно автомобили или превозни средства хибридни или електрични. Означување на пешачки зони и зголемување на зелени површини на територијата на Општина Кавадарци. Оваа година ќе имаме над 20 000 метри нови зелени површини, пешачките зони редовно се означуваат, се средуваат и за 4 години имаме подигнато над 200 000 метри зелени површини, а и сами знаете дека секоја година засадуваме над 40 000 дрвца вон градска средина заедно со Шумското Стопанство Бор,а и во градската средина негде околу 300, 400 дрвја од различни видови ги обновуваме при ЈП Комуналец.И есенско и пролетно. Потикнување вика на практика за заштита на животна средина на користење на напредни технологии со ниски емисии. Пак тука се споудараме со истото, кое што треба соодветно да го направиме, поставивме корпи за ел. уреди собирање, имаме тел. број кај што ги собираме ел. уреди, имаме корпи во секоја јавна институција и образовна за батерии и пред 2 недели имавме состаноксо Пакомак за поставување на 14 машини за собирање на пластиката, каде што секое шише коешто ќе го врате граѓанинот во таа машина ќе добие коофинансирање од 1 денар. Планот и проекцијата е 0,5 денари Пакомак како компанија задолжена за собирање на отпад вратен на граѓанинот и Општината да даде коофинансирање од 0,5 денара и граѓанинот да добие 1 денар за шише амбалажа вратено во машината. Тоа ќе го презентираме штом бидеме готови. Верувам дека на другата седница ќе бидеме спремни и ќе бидиме пак меѓу првите општини за спроведување за тоа. Вика спроведување на индикативни мерења и утврдување на составот на п.м. честичките. Тоа го работиме, 4 мерни станици имаме од Гоце Делчев Универзитетот . Едната е во Возарци. Верувам знаете зошто е ставена во Возарци. Затоа што имаме Г1 Индустрија, Ваташа, центарот, новиот центар и тие се ставени со

единствена цел за да Универзитетот Гоце Делчев на одреден период зима мостри и тие мостри лабораториски ги обработува што е содржината на п.м. 10 и п.м. 2,5 честичките. Досега не е утврдено од мои информации и анализи кои што ги имаме добиено, а ќе го замолам Универзитетот да ни ги прате за следната седница, она што вие го елабориравте дека имаме ние зголемени смртности и зголемени заболувања како што се респираторни и ред други. Не е утврдено во амбиенталниот воздух драстични отстапувања, ниту по една состојка или метал од целокупниот амбиентален воздух во цела држава. Пр. не дај боже кај нас да отстапува не знам ајде железото, никелот ли, било кој како друг параметар во амбиенталниот воздух да можеме да алармираме, да знаеме од каде ни доаѓа проблемот. Значи такво нешто не е утврдено, него сме во рамки на целата држава со оние дозволени рамки на границита на тешките метали во амбиенталниот воздух или во п.м. 2,5 и 10 честичките. Правилно управување со отпадот на локално, регионално ниво.Да не го коментирам, тоа го кажавме претходно, еве сега со амбалажата ќе почниме, ќе почниме со хартија, ќе почниме со други работи. Тука би ја спомнал и Градската депонија која што претходно беше чест причинител за зголемување на загадување на амбиенталниот воздух . Со двегодишната преработка на градската депонија. Значи вложивме доста средства, претежно донации од Еуроникел и од други компании и ЈП Комуналец, извадовме 4 метра во длабина од градската депонија и направивме правилно насипување на градската депонија со слоеви од отпад, земја, отпад, земја и последната година и минатово лето немаме никакво запалување на градската депонија. Е сега почитување на забраната за палење на оган на отворено, вклучување палење на земјоделски отпад. Тука сме драстично многу лоши. Многу лоши. Може само една обиколка да направите во градотво попладневни часови или викенд. Не мора еве подалеку од Градската Костурница во Градскиот Парк и ќе видете каква е околината околу градското подрачје, на колку места има чад и на колку места баш во овој период сега се палат тие прачки од лозјето од кроењето, од овоштарници итн. За таа работа Регионален проект минатата недела со Министерот за Локална Самоуправа и луѓе од УНДП бевме на презентација во Неготино за машина за собирање на отпадокот од прачките. Таа машина веројатно заедно со Министерството за Локална Самоуправа и Вардарски Плански Регион, Вардарски Плански Регион ќе набаве една машина која што ќе ја користе Општина Неготино, Општина Кавадарци како една машина. Нема да постигниме можеби голем

удел моментален, али ќе поставиме пракса да ги сецка прачките, ги збира, ги балира, а после тоа да се користат во понатамошни цели со идејно решение и Физибилити Студија за правење на пилети садодавање на други елементи во самите прачки. Значи се работе за тоа. Спроведување на кампањи. Тука веќе немаме граница. Имаме еколошки друштва, невладини организации, кои што ги подржуваме, пуштаме средства за нив и треба тие еколошки друштва, верувам дека добро функционират како, мислам дека се две Еко-Живот и ова другото уште едно еколошко друштво што беше и максимална подршка даваме за нив, за подигање на свеста на екологијата. Не би должел понатаки со другите препораки, пошто сами знаете дека екологијата е жива материја, се соочивме во еден период 2022 година каде што ја заборавивме екологијата, на светско ниво ја заборавивме, не само на државно ниво и во моментот имате, нема коментар за екологијата, него имате се што беше во функција и што можеше да се ставе во функција функционира. ТЕЦ Неготино ти функционира на мазут, на дневна основа ти троши повеќе од 50 цистерни по 30 000 литра мазут. Тоа тие скоро 1 500 000 литра мазут кој што го троши на дневна основа, а ТЕЦ Неготино е на 9 км. Можеби и полоши ќе ни бидат бројките и параметрите за 2 години, за година или за 3, меѓутоа самата светска економска криза и вонредната состојба си го дозволи тоа сето што го гледаме денеска. Знаете дека Тиквешкото Езеро е на кота 0 донесено во делот на екологијата ако збориме, меѓутоа пак ќе кажам енергетската која што дали е оправдана или не е оправдана и трае до 30.04. е таа таа што дозволи да тоа се случува. И најбитната работа да бидеме самокритични. Од кога сум дојден Градоначалник, а тоа веќе 5 години ние зборуваме за гасификација, вашата главна кампања на СДСМ во 2017 година беше гасификација на Македонија. Уште ја немаме успеано таа гасификација да ја донесиме и да ја гасифицираме Македонија. Цевководот кој што поминува до Кавадарци блиску накај Битола е во таква фаза каква што е од пред 2 години не е поместен во делот на неговото градење. Гасификацијата последната година 22-ра се покажа, ако ја имавме ќе ја изгасевме, пошто гасот отиде 30,40, 50 пати со цената нагоре. Сега е стабилизирана цената и мислам дека гасификацијата не треба да ја заборавиме, треба да продолжиме за спроведување на тоа еколошко гориво кое што ќе биде многу значително за Општина Кавадарци. Општина Кавадарци има изготвено и комплетен проект за секундарна и примарна гасификација на Општина Кавадарци, вклучувајќи ги сите индустриски и јавни капацитети, односно државни

институции. Ние сме спремни утре доколку имаме подстаница со гасификација и гас да почниме да ја правиме примарната и секундарната мрежа наша и притоа направиме приоритет на приклучоци кои што се од поголем обем на загадување. Така да на сите можни начини работиме. Идеално не е никогаш, меѓутоа зависи од повеќе фактори и околности. Цела гасификација за Општина Кавадарци е проектирана на 14 000 000 денара. Кога викам цела, зборам за оној проект од 22km правење на мрежа, целовкупно опфаќање на Центарот, Новиот Центар, Глишиќ до Новата Болница и во делот на Пионерска, се до првиот триаголник. Тоа да можеме да го спроведиме не се големи пари и да го имаме гасот како ресурс кој што ќе ни стигне тука, мислам дека п.м. честичките ќе бидат многу занемарливи и не знам дали приметивте советниче дека п.м. честичките во Општина Кавадарци и 2,5 и 10 се претежно во грејните сезони, сами споменавте и се во попладневните часови, односно тогаш кога завршува работното време се прибираат семејствата дома, се палат огновите, затоплувањето и тука ни е најголемиот проблем. Така да мислам дека заеднички можеме да работиме на ова, а поготово и вие како лекар, и други лекари, а и тука еве ги луѓето од оние што се со стручност на екологијата да помогниме и потикот и мотивот на компаниите, поготово оние компании што имаат Г1 дозвола. Јас би разговарал понатаки и на комисија и со вас дека мора да се вклучат во ова општество. Мора да се вклучат во ова општество, да придонесат за еколошки проекти. Г1 Еуроникел еве го сега почна со работа пак, дај боже да се стабилизира и ќе оставиме простор и ќе помогниме да се стабилизира, меѓутоа не треба да биде нем или да биде ограден од делот на учество во еколошки проекти. Тоа не значи дека другите компании што се со Б интегрирана дозвола како бетонски бази, сепарации и производствени компании како што е Тиквеш, води или било кои други не треба да придонесат во еколошки проекти. Екологијата не ја решава само Општината, ниту државата, екологијата се решава заеднички, од најмалото дете до најголемата компанија. Е така можеме да придонесиме за подобра екологија и почист воздух. Благодарам.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани колеги. Се е ова добро што е споменато, меѓутоа исто така не смееме да избегниме од фактот дека Општина Кавадарци години наназад е еден од најзагадените општини во Македонија. Сите фактори да кажам ако ги земиме и другите општини факторите кои што го загадуват воздухот се отприлика исти. Минатата година Општина Кавадарци еве зголемувањена загаденоста на воздухот во 4 града, Скопје, Кичево,

Кавадарци и Струмица, ова е од предминатата година кај што нивото на п.м. 10 честички надминува 9, 10 пати од она што е да кажам дозволена граница. Е сега тука ќе го поставиме прашањето Зошто е таа состојба така и што ние како Општина сме направиле и дали е тоа да кажам добро во однос на таа состојба. Спомена Градоначалникот гасификација, гасификацијата од она што го гледаме се гради. Штета што на пр. во претходниот период кога некој друг да кажам бил власт на централно ниво не инвестирал во гасификација на Македонија, па да сега се занимаваме со оноа што претставува секундарна мрежа и заради таа причина да кажам сме во оваа состојба во која што сме денеска. И друга работа која што јас ја сметам дека да кажам стоиме послабо во делот на велосипедски патеки. Субвенционираме купување на велосипеди, меѓутоа посебно во градските средини и во централното градско подрачје нема обележани патеки за возење со велосипед, па така ги изложуваме самите граѓани на ризик од одредена несреќа, мислам дека треба да работиме и во тој дел. Не велам дека сме катастрофа или лоши, меѓутоа сметам дека во централното градско подрачје треба да се работе во делот на обезбедување на обележување на велосипедски патеки и последната работа која јас постојано ја коментирам и ја спомнувам, тоа е процесот на бетонизација на Кавадарци кое што исто така сметам дека има свое негативно влијание во однос на оваа работа. Таа градежна да кажам експанзија на станбени објекти, посебно во последните 5 години едноставно го угушува да кажам градот, јас би го земал и тоа како еден од причинителите за овој проблем со загаденоста на воздухот.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Едно мое гледиште пред се како лекар во однос на оваа точка. Се сложувам дека амбиенталниот воздух има итекако влијание врз здравјето на луѓето, врз нивниот начин на функционирање. Само за информација на јавноста по стапка на смртност најголем број 1 се кардиоваскуларните заболувања, под број 2 се карциномите кои демнеат околу нас, потоа во однос на кардиоваскуларните заболувања многу голем дел зафаќаат токму респираторните заболувања кои итекако се важни и се поврзани со квалитетот на овој амбиентален воздух, вклучително во цела држава, во нашата општина, на едно големо и глобално светско ниво претставува голем и реален проблем. Денешната индустријализација и денешниот начин на функционирање на самото општество, како генерација и како генерации што се пред нас извлекување на поуки и укажува на фактот дека за добари подобар квалитет на амбиентален воздух треба да си подадиме сите рака,

односно вклучително од крупен капитал преку централан власт, преку општини , преку комисии и тоа е еден реално горлив проблем каде што ловење на политички поени за тоа дали Општината затајува во одредени делови или државата е подобра или обратно сметам дека нема многу да ни допринесе, но одредени моменти како што ги спомна и претходниот советник Вуко Мелов за велосипедски патеки, да и јас се сложувам со вас дека треба да се работе во тој план во наредниот период, еве Градоначалникот спомна дека ќе се гради пешачка зона и планирана е до Глишиќ, Марена што е за добро на Кавадарчани, се изгради рекреативната патека која моментално апсолутно е прекрасно посетена. Зборувам за локалитетот Моклиште. Во однос на подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух започнуваме од основната единица луѓето, мораме и ние да бидеме свесни дека одредени наши навики треба да се менуваат, а најтешко што се менува е навиката на самите сограѓани. Тоа преку соодветни акции ќе мора да го практицираме сите да биде во тој правец, а во однос на тешката индустрија и во однос на начинот на функционирање јас би повикал и на одредени поригорозни контроли од страна на централната власт и нивните министерства за влијанието во нивното загадување во територијата на Општина Кавадарци. Воедно да не заборавиме дека Кавадарци е индустриски град каде што имаме локалитети од висок степен на загадување, каде што апсолутно и државата треба да се вклучи во тие контроли. Сметам дека со една заедничка подадена рака едни со други, со менување на одредени навики, вклучително и на централната власт со почести контроли и на нас како општинска власт, како граѓани на Општина Кавадарци секоја идеја, секој предлог во идниот период треба да се прифати и сметам дека само во тој начин екологијата која реално е горлив проблем од глобално светско ниво, сметам дека само во тој правец би оделе напред на овој план.

Почитувани дали има некој друг. Повели Златевски.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Јас се слагам со констатацијата дека ние сите поединечо треба да допринесиме за заштита на животната средина и би апелирал до сите оние кои што имаат земјоделски насади воопшто или лозови насади да отпадот од амбалажата што се користе од препаратите за прскање или за ѓубрење на насадите ние како Општина да му обезбедиме некои локации за поставување на контејнери вон градското подрачје за кога се враќат, таму да ги остават таа амбалажа што е отпадна, а да не ја горат на меѓата. Тоа сето придонесува за загадувањето. И второ што го спомна Градоначалникот гасоводот, јас сум доволно возрасен да памтам дека

пред едно 20 и некоја година имаше еден проект за од Фени да се донесе топлата вода од печките, од загревањето топлината што се користе за да имаме централно греење во градот и да се користе таа топла вода. Тоа беше многу одамна, не знам дали некој знае од администрацијата, се сеќава на такво нешто и дали може да се рзмислуваи на тија дел. Дај боже и Фени да работе, дај боже и филтрите негови да работат, дај боже и ние да можиме да ја користиме таа вода, ама како идеја ако може да добијам информација добро, ако не да се разгледа и таа можност.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Имаше во вчерашните медиуми прочитав, еве Општина Битола токму централното греење како проект го возобновува, бидејќи имале централно греење за наредната грејна сезона како проект заедно со инвеститори ќе го функционира. Апсолутно идејата е на место. Така да еве би ги задолжиле службите ако во наредниот период имаат изготвен план, имаат сознанија за такво нешто да добиеме информација како советници во однос за тоа дали досега во Општина Кавадарци имало идеја за централно затоплување во текот на изминатиов период. Во ред. Дали некој друг бара збор. Бидејќи никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.Диме. За.

27. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци.

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Пред малку имавме Комисија на која претставникот од Општина Кавадарци не извести за кои локации станува збор за поставување на урбана опрема. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

28.. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на Спогодба за заедничко организирање на меѓуопштинскиот линиски превоз на патници помеѓу Општина Кавадарци и Општина Неготино;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. На претходните седници имавме иста ваква точка за линиски превоз со Општина Росоман. Сега го проширувaме дијапазонот и на Општина Неготино за полесно функционирање на нашиот јавен Градски Превоз Кавадарци. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

29. Предлог-Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година (лекување);

Отварам претрес по оваа точка. На Комисијата за здравство во кординација преку финансии и Градоначалникот беше изготвено такво одобрување за лекување на наше лице, на наш соградјанин, на територијата на Општина Кавадарци. Да се надеваме дека овие средства ќе му помогнат во подобрување на неговиот здравствен статус. Кој е за. Едногласно усвоена.

Почитувани советници со тоа е исцрпен денешниот дневен ред. Се извинувам.Советнички прашања. Точка 30. Повели. Советнички прашања. Кој е прв. Повели Јован Златевски, па Круме.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Јас сакам само да пренесам некои прашања од граѓаните кои што често пати ме прашуваат. Граѓаните од МЗ Чемерско прашуваат до каде е санирањето на патот. Да. Тоа е прашање колега што сите нас не прашуваат, да добиеме информација и они да слушнат. Требеше и минатата година и оваа година меѓутоа да знаат од кога би почнала санацијата на тија пат, тие се неколку километри и за од таа МЗ за спортското игралиште нешто се планирало да се праве, барат мала помош, другото они ќе си го сределе. Второто ми е од МЗ Бојанчиште. Членовите на МЗ Бојанчиште барат да им дозволиме користење на школото во с. Бојанчиште како канцеларија, барат дозвола од нас. Во однос на тоа би се овозможило заштита негова од распаѓање. Второ од таа МЗ е поплочување на патот до црквата, се нареди бехатон плочки до на излезот накај Чемерско, има еден крак накај црквата. Таму е стварно многу лош теренот, тие се некаде околу 200 м. должински, а кога врне не може да отидат погреб да извршат, имале таков случај пред некој месец или да запалат свеќа и една тема која што ја дискутиравме пред неколку седници на Советот, нека се реше веќе еднаш вертикалната сигнализација кога се оде во Градската Болница, кога влезот од лево, мислам од Неготино према Градската Болница е во ред, има трета лента, си издвојуват меѓутоа влезот од градот кон болницата на лево, семафорот е црвено или кога е зелено не можиш да поминиш додека не поминат сите коли. Тоа се решава лесно со сензори некои кога има престроено на таа коловозна лента за да вртиш лево накај болницата, треба на другите од спротива да му даде знак црвено, да застанат додека не влезат тие што се приоритетите за во болницата. Оти никој не оде таму од што му е

ќеиф. Сите одат оти имат некоја мака. Тоа сум го искусил лично и ако може тоа го дискутиравме побрзо да се реше тија дел. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани дали имате други прашања. Круме беше пријавен. Повели.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Благодарам Претседателе. Градоначалниче кон вас ми се сите прашања. Прво еве заради тоа што ќе се надоврзам на претходниот советник кој што излезе за советнички прашања. Да. Прашањето ми беше за во теренот од Чемерско и тоа особено пред сред село и кон црквата во ужасна состојба е патот и тоа мора да се реши што поскоро. Освен тој пат исто така сакам да ве прашам и за регионалниот пат од Мушов Гроб до Конопиште, исто така во лоша состојба е патот. Јас барем знам до клучката кон Михајлово што се врти, знам дека е во многу лоша состојба, а сега почнува сезона кога ќе се движат натаму со автобуси туристи, еве има и зачестени посети на Планинарскиот Дом на Зелен Брег, кој што е на врвот над одмаралиштето Михајлово. Потоа имам и прашање за популарноста на Јавниот Градски Превоз. Имаме нели Јавен Градски Превоз, но ме загрижува тоа што гледаме празни автобуси, особено оние кои што се кон периферните села. Дали сметате дека е потребна кампања и дополнителни мерки за промоција на Јавниот Превоз преку локалните медиуми, преку социјалните мрежи, заради тоа што еве симптоматично е што моментот кога се пушти Градскиот Превоз од вашата фан страна на фејсбук баш беше спонзорирано за памтрек траката. Јас во една ситуација со другарите се шалиме, викам наместо Градоначалникот да пише два дена да се спонзорира објавата, стиснал по грешка 22 дена, па беше постојано спонзорирано и стално вртеше таа објава, наместо да се актуелизира јавниот Градски Превоз и да се направи кампања. Така да сметам дека околу тоа дека треба да се работи на возниот ред, да се потсетуваат граѓаните за користењето на Јавниот Градски Превоз преку модерните начини на информирање. Понатаму исто така ме загрижува и ширењето на дивите населби. Пример е кон локалитетот Калница. Тој предел е каде што диво и нерегулирано се шири на сметка на загадувањето на животната средина. Доминантно од популацијата е ромската етничка заедница и со оглед на тоа би ве прашал кои мерки ги планирате за сузбивање на можноста за ширење на дивите населби во Кавадарци, со фокус на оваа населба. Понатаму би ве прашал и за изградбата на затворен базен. До каде е постапката. Понатаму за градежните активности на

објектот Сонце при Рада Поцева. Јас живеам таму во близина, па би ве прашал затоа. Паѓаа плочки, има во позадина се копаат некои ровови, таму се прави нешто. Така да би ве прашал околу тоа. На што се должат градежните активности. Дали била избрзана изградбата на објектот, па сега мора да се вршат реставрации на некои грешки, заради тоа што тоа е ситуација која што загрижува имајќи во предвид дека таму се згрижуваат деца. И потсетувам на потребата за итна интервенција во регулирањето на временото паркирање на улица Тиквешко Востание, улица Ленинова, улица Страшо Пинџур и улица Гоце Делчев околу трговските објекти. Ќе ви го дадам листот за да може да одговорите. Фала.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници. Дали некој друг бара советнички прашања до Градоначалникот. Нема. Повели Градоначалник.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Благодарам почитувани советници за советничките прашања. По однос на советникот Јован Златевски, а истото и на Круме Богев во делот на патот од клучката за исклучување накај Чемерско, па се до Чемерско, направивме увид уште ланската година, разговаравме со самата МЗ, укажавме и согледааинженерите дека дека не трпе реконструкција тој пат, туку дека ќе бидат фрлени пари доколку го искрпиме и го ставиме во некаква времена функција, така да треба комплетна реконструкција. Проектот е завршен за комплетна реконструкција на патот . Јас не знам, Елена го најде проектот. Да ја најде пресметката, излезена е пресметката, да видиме колку точно е таа пресметка и на следен ребаланс, ќе го ребалансираме, ќе го ставиме во Програма за да се доизграде, односно да се комплетно реконструира и да биде трајно за наредните 20-тина години. Во меѓувреме додека одговарам на другите прашања ќе ја најдат пресметката да знаеме што значи како сума. Спортското игралиште кое што го имат во Чемерско разговарав со нашиот таму претставник и кажав дека ние како компанија и бизнис сектор ќе се вклучиме да помогниме. Не бараат нешто посебно. Бараат рамнење, не знам да се обработе игралиштето за после да си посеат трава и да биде функционално. Така да нема да ја оптеретуваме Општината со таа работа, ќе го завршиме со донациски цели. Само чекам да се разубаве времето и нормално со ваши луѓе таму да ни укажат што е тоа што треба да го сработиме. Бојанчиште во делот на поплочувањето оваа година знаете дека имаме 38 000 000 денара за села, поплочувања, асфалтирања, за водоводи и други работи, така да мислам дека овие средства ќе видиме колку се за Бојанчиште, тендерирани се сите тендери, сега веќе е во постапка

на завршување, така да по завршување на тендерот, нормално од дотичното Бојанчиште соодветните ќе кажат што е тоа што треба да го направиме и да го завршиме. Во оној дел за канцеларија во Домот, од наша страна нема никаква пречка, меѓутоа законот и законските регулативи за изнајмување или издавање на објект кој што е сопственост државен, јавен или на Општина Кавадарци мора да оде по електронски пат и електронска аукција, без разлика дали е на физичко или правно лице. Знаете дека М.З-ци немаат правен статут така да во тој дел ние можеме да еве на нивно барање официјално да им овозможиме да имаат една канцеларија која што би ја користеле таму, нормално за потребите на М.З. Така да нека поднесат барање, може да оде тоа и со Одлука на Совет и да им се даде да се користе.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: За патот Градоначалниче од Бојанчишката станица до селото. Тија беше минатата година раскопан кога се правеше патот...

ГРАДОНАЧАЛНИК: Имаме таму околу стотина квадрати за санација ги видовме и имаме пресметка. Активен ни е тендерот за крпење на дупки, во градското јадро немаме крпење на дупки, ќе имаме приградски, према Шивец, не знам Сопот има нешто дел, Бојанчиште ќе биде вклопен во тој тендер за крпењето на дупките. Значи тоа илина крпење, на санација на патот во одреден правец кој што беше претходно нели оштетен и ќе се санира, ми се чине до мај месец би трebалодоколку дадат временските прилики да биде саниран. 2100м2 имаме по тендер за крпење дупки. Во моментот со Мој Општинар и со инженерите од увид на терен во целокупниот град има за крпење околу 400 м2.Така да останува квадратурата и мислам дека тоа ќе се заврши сигурно со овој активен тендер, кој што го имаме сега. Она семафорско решение го зборевме и на претходната седница, за болницата, дадов налог на сообраќајните инжинери, на референтот по сообраќај во Општина Кавадарци, кој што го има ПС во Одделението за сообраќај, работат на снимање на самата ситуација и претежно се јавува тоа во пораните утрински часови или попладните часови, кога е таа тенденција на движење позголемена во тој дел, ќе изнајдат соодветно решение, ќе го предложат решението, ќе мора да го дополниме сообраќајниот проект и да го дадиме на одобрување сообраќајниот проект. Доколку го одобрат како таков, тогаш лесно правиме да се спроведе тоа со автоматика, со сензори за да има приоритет тој што влегува во самата болница. По однос на Круме Богев прашањата. Праша за Мушов Гроб, Конопиште. Да патот е во лоша состојба. Тоа е регионален пат. За

жал не е ставен во Програмата на Македонија Пат, ниту во Програмата на Агенција за патишта, покрај тоа што ние побаравме и од приватни субјекти таму кои што имат и стопански дејности и од самите жители, меѓутоа не е ставен во Програмата на Агенцијата за патишта, ниту во Македонија Пат. Уште полоша ситуација е патот Мрежичко, Мајден кој што е во похаотична состојба, малтене и непрооден е за автомобили. Ветено е, ама не го гледам никаде дека е влезен во Програма од Агенција за патишта дека оваа година ќе го тендерира Мрежичко, Мајдан. Ако успееме по ветеното да си остане и го тендерира, ќе свршиме голема работа, а нормално втор приоритет како регионален пат ни е тој најзагрозен Мушов гроб, Конопиште и Мрежичко, Мајден. Така дцругите регионални патишта околу градот се релативно во добра кондициона состојба. Јавниот Превоз негде Квартален извештај мислам дека наредниот Совет спрема директорот. Со тој Квартален извештај ќе излезе, ќе ни елаборира и по линија и по возен ред и по потребите за промена на возниот ред и нормално за подигање на свеста за користењето на јавниот превоз. Мислам дека не е така лоша состојбата. Автобусите може изгледаат попразни, па малку поголеми се. Така да мислам дека ниедна линија не е помалку од 30 патници по линија. И пресметките и сите анализи што ги правевеме, се правеа да бидат почетно тука некаден. Најмногу се полни линиите наутро Ваташа, Сопот, Ваташа, Кавадарци и обратно. Исто Дреново, Бегниште како линии функционираат. Сега се работе на доопремување на самите линии или еве ЈП Комуналец досега на 170 вработени им плаќаше за превоз наплата.Сега им плаќа на ЈП за карти годишни или месечни за и тие вработени да се возат со јавниот превоз. И х други компании кои што сакат да го користат тој јавен превоз. Мене ме радува фактот тоа што и приватни компании, претежно кои што имаат повеќе вработени, како текстил и такви компании, од таа индустрија, веќе мислам дека има склучено со една приватна компанија со 50-тина вработени за користење на јавниот превоз. Така да интересот полека, полека се приближува кон подобро и мислам дека ќе си го оправда самото постоење и функционирање на јавниот превоз. Сеуште возиме и сабота и недела. Недела ни еслаба. Значи сите анализи и потреби ќе се направат врз основа и на временските прилики, односно јас очекувам кога ќе биде јули, август дека сигурно ќе треба поместување на линиите, затоа што и самите знаете дека во август месец од 12-16 малтене нема ни движење низ градот, кога се пеколни температурите, али сепак има потреба за луѓето да функционират. Дивата населба кај Калница не

сум ја посетил лично, ќе разговарам со Мој Општинар и ќе ја посетам лично како локација и се што е изградено надвор од тоа што претходно било или има депонија или било што ќе го решиме уште оваа недела. Сами знаете дека постапивме со рушење на 14 објекти во т.н. Тенеќе Маало минатата недела. Таму имаме за довршување уште 10 објекти и со тоа ќе ја дооформиме целта на Урбанистичкиот план и на жителите на цела таа населба, па и за цел град да тоа стане зеленило и парк на Општина Кавадарци, при тоа тендерирањето за кејот од Видео Смилевски до Болницата е во активен тендер кој што е во процес и мислам дека ќе дојде во склоп со изградбата на кејот и тој парк и зеленило да си биде во фунционална целина. Е сега објектот Сонце, за жал не е тука советникот Мелов кој што цело време Владата направи, Владата направи, еве ја се руши уште неотворена градинката. Нема така да критикуваме, еве ќе кажам да Министерството си пушти допис и кажа дека е пропуст на изведувачот и неквалитетна градба така. Еве Елена е тука. Значи имаме неквалитетна градба. Надзорот на градењето на градинката и тендерирањето беше на МТСП. Колку што имам јас информации на претходниот изведувач кој што ја направи градинката му е активирана банкова гаранција за квалитет од МТСП, постапено по закон, во меѓувреме се извадени тие плочки, плочи сите за да не дај боже дојде до рушење на плочките и да повредиме некој од персоналот, или не дај боже од децава и верувам дека Министерството после тоа ќе си распише тендер или корекција на самите плочки. Така да преубрзана е работата и станува збор за неквалитетна градба. Не зборуваме суштински, него зборуваме за интериерната градба, внатре во делот на плочки, ентериер и другите работи кои што ете Министерството ќе го реше тоа соодветно според законски регулативи. Е сега затворениот базен. Устата пења ни фана. Јас веќе не го коментирам. Ќе биде вторник, ќе биде другиот вторник ќе биде, третиот вторник ќе биде и тоа изгледа е симптоматика, сега вака да не се навредиме лично уште двајца има тука од СДСМ, тоа е личната карта на СДСМ. Вторник ќе биде, среда ќе биде, најскоро што може ќе биде. Затоа еве сакам да го...и дај боже да биде. Моите последни информации од пред 2 месеци се петок ќе го пуштиме. Значи ако имате понови информации јас би сакал да ги знам. Значи треба да се закаже јавна аукција, негативна аукција за повеќе компании и дека ќе биде многу брзо. Ќе биде и дај боже. Ние како Општина сме спремни утредента да го пречекаме и Министерот и Премиерот и Директорот на Агенција сите на соодветен начин, само нека дадат договор и да помогниме

што треба да го изградиме тој базен. Значи кога ќе биде јас ќе бидам најсреќниот, да го отпочниме и го вадиме ...тогаш и почнуваме да го градиме базенот и ќе се заврше во најможен брз рок, брз рок да заврше. И квалитет. Ќе ве молам квалитетно, пошто за жал, значи тука мораме да бидиме објективни, квалитетните компании за работа во Македонија се се помалку. Нема да ставам вина на МТСП или на било кој затоа што се доведовме во ситуација да немаме квалитетни компании со кои да работиме. Имаме и ние проблеми со такви компании, али не сме дошле до ситуација да изградиме не дај боже нешто и го рушиме, али при градење јас само 4 работи ќе ги спомнам, а сигурно се сеќавате тротоарот од Слога до Ваташката пошта 2600 м2 го изграде х компанија пред 3,5 години, после 6 месеци заради неквалитет на градбата си го извади бетонот, си стави нови мрежи, нови бетони и сега е тротоарот во функција. Сами знаете Северен Булевар дека 3 пати по наш налог беше дадено да се гребе горниот слој и да се ставе нов слој на трошок на изведувачот. Исти случај имавме со реконструкцијата и доградбата на кејот од улицата Димката Ангелов Габерот до Видео Смилевски и таму имаше недоследности, недостатоци, кај што се извади бетонот и се стави нов бетон и фала богу е како што треба. Така да неквалитетната градба што ние може да направиме е да отвараме 4 очи, да бидиме поприсутни на терен како инженери и Општина Кавадарци има добра пракса и практика, ама тоа не значи дека сме имуни на нешто да ни се провлече неквалитетно кое што ќе го увидиме после неколку дена и месеци не дај боже. Покрај главниот надзор кој што е избран на тендер на Општина Кавадарци, ние имаме интерен надзор од наши градежни инжинери вработени во Општина Кавадарци кои што се на терен и целовкупно кога главниот надзор потпишува целата документација ја прегледуваат и они потпишуваат пред да влезе во Општината документацијата за исплата или за евалуација за документи кои се завршни или времени ситуации. Тоа е добра пракса и практика и сме имале случаи, уште ова ќе го спомнам каде што главниот надзор ги потпишал документите, стигнале во Општина Кавадарци, сме ставиле рака на тие документи, не сме ги потпишале, сме имале состанок и сме ги поништиле за да има корекции. Така да јас тука повикувам на една, поготово на градежните компании, да секоја компанија кај што е најсоодветна и најкомпетентна и она што може да работе да го работе да го сработе, а оние што стварно не работат, да не импровизират, пошто во Општина Кавадарци, а верувам дека и во другите општини на централно ниво нема да поминат доколку има

недоследности или недостатоци во самата градба. Најбитно на крајот е да добиеме квалитетен производ и она што треба да биде трајно. Мислам дека тоа беа сите прашања. Да сума за Чемерско. 10 800 000 денари за Чемерско со ДДВ е целата реконструкција на кракот за Чемерско, 9000 м2 за реконструкција. Абе цело село ќе го поминеме. Така е проектирано. Советниче може еве ако не можете денеска, утре да го разгледаме проектот. Значи сумата е 10 800 000, 9000м2 се, така да проектирано врз основа на наша проектна задача. Слободно разгледајте го проектот, видете дали тоа е тоа. Ако треба да претрпе некои корекции и надополнувања мали може да ги оформиме пред да тендерираме и обезбедиме средства. Јас само за крај би повикал да бидете одговорни сите во делот на екологијата, пошто докторот Манев сега не е тука многу голема загриженост изрази за екологијата, потекнува и од докторско семејство, меѓутоа би повикал и би кажал бидете сите одговорни, не трошите хартија непотребно, не правите ѓубре во градот непотребно, а најмалку партиските луѓе кои што се млади, дали се тоа млади на УМС или ТРС не ги знам да навечер му дадите 2000 ливчиња и лепат по згради, по коли, по дрвја плакати или како би ја нарекол Круме некоја си герила акција. Хартијата е скапа работа. Знаете дека за 1000 ливчиња хартија, колку дрвја ќе се уништат. Така да има многу пософистициран начин како да си го искажиш своето мислење, напад или било која критика, за било кој . Така да тие герила акции мене вака воопшто не ми се допаѓат, а од друга страна да збориме за екологија. Така да ова конкретно значи за Општинскиот огранок на СДСМ, кој што на 20, на кој датум беше не знам во 23 часот со нивни припадници на младината земаа и лепеа по дрвјата, по приватни објекти, по приватна сопственост, по приватни автомобили некакви пораки на А4 формат. И тоа вака е невкусна ситуација, не за мене како Градоначалник, него за младината да ја едуцираш на таков начин да ја користе хартијата која што доаѓа од екологијата. Благодарам.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Со тоа е исцрпен денешниот дневен ред и седницата е затворена.

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов